20262183540

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 септември 2026 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 30/26 и 55/26) во делот I во воведната реченица износот „70.000.000,00“ се заменува со износот „94.000.000,00“, износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „82.000.000,00“, износот „30.000.000,00“ се заменува со износот „12.000.000,00“, а по зборовите „(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25“ се додаваат зборовите „и 174/26“).

Табелата се менува и гласи:

„

1.	Финансиска поддршка во рибарството	10.504.000,00
2.	Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби	1.002.000,00
3.	Техничка поддршка	1.000,00
4.	Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2025 година	82.493.000,00
	Вкупно	94.000.000,00

“.

II

Во дел II став (1) во воведната реченица износот „12.700.000,00“ се заменува со износот „10.504.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

1.	Финансиска поддршка во рибарството		
	Мерка	Опис	Средства
1.1.	Финансиска поддршка за порибување на риболовните зони од риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка	100% од прифатливи трошоци	5.000.000,00
1.2.	Финансиска поддршка за	100% од прифатливи	500.000,00

	порибување на риболовната зона Дојранско езеро со подмладок од крап	трошоци	
1.3.	Финансиска поддршка за порибување на риболовната зона Преспанско езеро со подмладок од крап	100% од прифатливи трошоци	500.000,00
1.4.	Финансиска поддршка за доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети - мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал	100% од прифатливи/одобрени трошоци	1.000,00
1.5.	Дополнителна заштита на рибите во риболовните води	100% од прифатливи трошоци	1.000,00
1.6.	Мониторинг на популација на Европската јагула (*Anguilla anguilla*) во сливното подрачје на реката Црн Дрим	100% од прифатливи трошоци	1.000,00
1.7.	Реставрација на зимовници за плашица (*Alburnus scoranza*)	100% од прифатливи трошоци	300.000,00
1.8.	Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води	100% од прифатливи трошоци	1.000,00
1.9.	Финансиска поддршка за организација на светско првенство во спортски риболов на крап 2026 година	100% од прифатливи трошоци	2.500.000,00
1.10.	Финансиска поддршка за изведување на вештачки мрест и порибување на риболовните зони во Струшкиот дел од риболовно подрачје Охридско езеро со подмладок од охридска пастрмка	100% од прифатливи трошоци	1.700.000,00
	Вкупно		10.504.000,00

“.

Ставот (7) се брише.

Ставовите (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19) и (20) стануваат ставови (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19).

III

Во дел III став (1) во воведната реченица износот „21.744.325,00“ се заменува со износот „1.002.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

2.	Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби		
	Мерки	Опис	Средства
2.1.	Финансиска поддршка за инвестиции во	50% од вредноста на прифатливите трошоци за	1.000,00

	аквакултурата	инвестицијата	
2.2.	Финансиска поддршка за порибителен материјал	50% од пазарната цена на подмладокот	1.000.000,00
2.3.	Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети	50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата	1.000,00
	Вкупно		1.002.000,00

“.

Ставот (4) се брише.

Ставовите (5), (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8) и (9).

Ставот (11) се брише.

Ставовите (12), (13), (14), (15), (16) и (17) стануваат ставови (10), (11), (12), (13), (14) и (15).

IV

Во делот IV износот „500.000,00“ се заменува со износот „1.000,00“.

V

Делот V се менува и гласи:

„Средствата од дел I точка 4 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата од 2025 година во износ од 82.493.000,00 денари.“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-6839/8
15 септември 2026 година
Скопје